Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-197/6
19-04-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 197/1 од 28.02.2023 година, за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основ на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
**за запирање на постапка**

Постапката по претставката бр. 08-197/1 од 28.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје СЕ ЗАПИРА.

### Образложение

На 28.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од страна на [redacted] од Скопје со адреса на живеење на [redacted] заведена под бр. 08-197/1. Претставката е поднесена против ООУ „Владо Тасевски" – Скопје со адреса на седиште на ул. Миле Поп Јорданов бр. 74, Скопје, за сторена дискриминација во областа на образованието.

Подносителката на 07.04.2023 година со Изјава доставена до Комисијата и заведена под бр. 08-197/5, извести дека ја повлекува горенаведената претставка.

Согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
18.04.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери